# ИНТЕРВЈУ

## со доц. д-р Бошко Караџов; стрипот во дигиталната ера

Автор: АЛЕКСАНДАР СТЕВАНОВ

*Бошко Караџов е стрип-теоретичар и предавач за стрип-култура при едукативната програма Art and Design for Advocacy: Comics as advocacy tools во организација на International Debate Education Association (IDEA) и автор на истражувачката статија „Стрипот во дигиталната ера: редефинирање и преосмислување“.*

**1. Што ве поттикна да пишувате за стрипот во дигиталната ера, во услови кога во Македонија, и покрај релативно големиот број на одлични стрип автори, до пред година дена немаше ниту една активна издавачка куќа која објавува печатени стрипови, а камо ли дигитално стрип издаваштво?**

Онаа изворна филозофска љубопитност. Ја живееме ерата во која стрипот, како наративна пиктореска, радикално го менува носителот на неговата феноменологија. Естетички искусуваме нови стрип-формати, комплетно поразлични од печатениот стрип. Технологијата овозможи нови форми на дигитална стрип-продукција и дистрибуција, по што, сосема природно, се наметнуваат прашањата: дали новите медиуми за изразна артикулација на стрипот ги поместуваат границите на наративната фигурација, дали отвораат нови перспективи за читање и визуелно раскажување или, можеби, ова е само злокобен предзнак за наближување на крајот на историјата на стрипот? Овие прашања ме одведоа кон едно возбудливо истражување на ликовно-наративните и стрипоморфни уметнички родови низ историјата. Истражување кое ми предочи дека релацијата: технологија-стрип ослободува една нова, дотогаш невоочена, суштинска каратеристика на стрипот.

А, во поглед на состојбата во Македонија работите се подобруваат. Се појави нова издавачка куќа М-комикс која публикува квалитетни изданија од серијалите на популарниот италијански стрип. Импринтот Арс Либрис, пријатно изненади со издавање на три графички новели од германската стрип култура. Стрип Квадрат скоро публикуваше неколку албуми. Неколкумина стрип автори објавија авторски стрипови. Министерството за култура поддржа историски стрип-албуми. Креатор и Синдром излегуваат. Книжарниците се полни со стрипови и графички новели. Така што, се придвижуваат работите.

**2. Во „Стрипот во дигиталната ера: редефинирање и преосмислување“, велите дека „сите иконографски видови на ликовно изразување имаат иста судбина – технолошка“. Во колкав степен и во која насока сметате дека современите технолошки придобивки, како таблет за цртање, компјутер и интернет, влијаат врз развојот на стрип уметноста, а во колкав степен тоа го предодредува човечкиот фактор?**

Споредбениот преглед на репрезентативните остварувања во дигиталната продукција на стриповите (demian5, Daniel Merlin Goodbrey, Jasen Lex, Drew Weing, Winston Rowntree, Cayetano Garza, Jr, Patrick Farley и Scott Mccloud) ми предочи дека овие автори, во технолошкиот исчекор на нашето време, не бараа можност за имитирање на печатената естетика на стрип-таблата, туку, напротив, ги проширувaa полињата на возможното естетско стрип искуство. Затоа, чинам дека новата технологија овозможува нови револуционерни насоки во стрип продукцијата. Како на пр. отворено читање, читателско коавторство, паралелни наративи, нелинеарно читање,

*„Стрипот веќе длабоко навлезе во предворието на дигиталната ера, а со тоа, тој, како наративна пиктореска, ги замени носителите на неговата феноменологија и почна да говори преку други нови медиуми на изразна артикулација. Од каменот, папирусот, платното и кожата, преку печатарската хартија, па сè до електронските записи и дигиталната анимација, стрипот, во сите негови форми на изразноста, ги поместуваше границите на наративната фигурација, но уште позначајно, го менуваше квалитетот на стрипоестетската доживеалица. Таква радикална промена во перцепцијата и искуството непосредно сведочиме во дигиталната епоха која ја живееме.*

*Бошко Караџов, „Стрипот во дигиталната ера: редефинирање и преосмислување“*



дивергентно приповедање или т.н. хиперстрип, комбинаторен стрип и сл. Во дигиталната продукција на стрипови, денес може да се креира во две естетички парадигми. Правата, која останува доследна на кинематиката на печатената естетика, па технологијата се ползува за наративна фигурација во етаблираниот постгутемберговски стрип - формат. Со други зборови, за цртање, боење, текст, дистрибуција и сл. И втората, која, врз основа на концептот за бесконечното платно (infinite canvas), радикално ги шири и преобликува, како читачките така и создавачките стрип искуства. Оваа втора насока, за мене, е далеку по привлечна и поинтересна за филозофска рефлексија.



**3. Вашиот научен труд го започнувате со мислата на Арт Шпигелман (Art Spiegelman), автор на меѓу другите култната графичка новела Maus, за тоа дека „иднината на стрипот е во минатото“. Според ваше мислење би можело ли истово ова да се каже и за иднината на македонскиот стрип?**

Оваа квотација од Шпигелман ја одбрав затоа што нагледно го предочува она што се обидувам да го истражувам, секако врз основа на инструктивните идеи на Скот Меклауд (Scott McCloud), а тоа е дека дигиталната стрип продукција во рамките на концептот за бесконечното платно (infinite canvas) може да ја врати непрекинатата линија на читачкото искуство која ја воочуваме кај прото-стрипските формати. Цртањето во можностите на дигиталната продукција ќе овозможи секакви видови на визуелно нанижани нарации без нарушување и изместување на раскажувачкото и фигуралното континуирање. А токму такви визуелни нарации воочуваме во секоја култура од предпечатената ера. Затоа мислам дека една од линиите на развој на стрипот во иднина ќе биде токму во овој правец.

**4. Вие лично каков стрип преферирате да читате, испечатен на хартија или во дигитален формат на таблет?**

Читам секако. И печатени, и дигитализирани преку таблет и фаблет, и web – стрипови преку компјутер. Умберто Еко, мојот омилен новелист, во едно интервју уверуваше дека читањето книга и сексуалноста се сродни искуства кои имаат заедничко обележје. Имено, тие се еротички феномени на тактилното искуство. Во нив е пресуден допирот, интимата на прелистувањето. Сметаше дека електронската книга, или електронскиот стрип во нашиов случај, поради оваа еротичност, никогаш нема да ја замени печатената книга. Меѓутоа, дисплеите на најновите таблет-компјутери и паметните телефони ја надминуваат и оваа пречка, па еротиката на читачкиот допир уште поавтентично се исполнува преку touchscreen-

овите и апликациите за читање стрипови. Особено по 2012 кога ComiXology ја лансираше guided view reading technology, која ги однесе дигиталните стрипови на едно ново технолошко рамниште, создавајќи сосема ново читателско искуство. Верувам, сите би се согласиле дека е убаво да гледаш убава девојка на слика, на телевизија или на интернет, но е уште поубаво да ја имаш во твојата прегратка. Меѓутоа, дигиталната продукција на стрипови, во рамките на концептот за бесконечното платно, овозможува такви (с)ликовни и раскажувачки елементи на стрипот, кои се невозможни за превод во принтан формат. Стриповскиот јазик, визуелните кодови, новите формати на приповедање, естетскиот сензибилитет, жанровските поигрувања, наративните игри, бесконечноста на дигиталното платно на кое се слика, нелимитирани позадини се толку самосвојни, што секој компромис со печатот и печатењето е погубен по самата дигитална стрип естетика. Затоа, сметам дека овие форми на читање воопшто не се исклучуваат. Тие се рамноправни рецептивни естетички стрип искуства.

**5. Што се однесува до начинот на кој што стрипот е изработен, ви прави ли можеби разлика дали е нацртан класично со молив и туш на хартија или пак дигитално во фотошоп, или некоја друга компјутерска графичка програма, со таблет за цртање?**

Не. Во целосната стрип естетика, самата техника на изработка не е пресудна. Иако, некои состави на стриповски собитија изискуваат специфични техники. Денес, најчесто, во стрип продукцијата имаме т.н. стрип-хибриди во кои се комбинираат овие креациските и цртачки

*Развојот на информатичко – комуникациската технологија досегна рамниште во кое уметниците, преку компјутерот како креативна алатка и соодветните софтвери, можат да илустрираат дизајни на објекти и околини кои се комплетно податливи на графичка манипулација. Овие софтверски решенија овозможија креирање виртуелни реалности, тродимензионалност, реалистичко рендирање и форми на компјутерска иконографија кои коренито влијаеа на самата перцепција и севкупното визуелно искуство. Оваа вештина за создавање компјутерска графика и пропратните визуелни ефекти радикално ги променија темелите на рекламната индустрија, уметноста, дизајнот и мултимедијалноста, воопшто. Согласно на ова, стрипот како визуелна форма на популарната култура, не можеше да остане незасегнат од новата технологија. Така се зароди она што денес се нарекува дигитален стрип.*

*Бошко Караџов, „Стрипот во дигиталната ера: редефинирање и преосмислување“*



техники. Она што е пресудно за вкупната стрип естетика е креативноста на авторот да ја воспостави рамнотежата помеѓу видливото и невидливото во стрипот. Поточно, како и кое визуелно искуство уметникот ќе ни го дозволи да го восприемиме како импресионистички пиктурален поттик, а кое искуство ќе го остави скриено во gutter-от помеѓу панелите барајќи наше (до)имагинирање. И секако, како ќе ја изведе структурата на секвенцијалното (с)ликовно раскажување во кое пиктуралните и фабуларните елементи се компонирани во кадриран и раскажувачки след.





**6. Во вашиот научен труд се осврнувате и на почетоците на стрипот. За неговиот зародиш велите дека е уште во палеолитот, при тоа споменувајќи ги, меѓу другите и, цртежите од пештерата Ласко во Франција, стари 12 000 - 17 000 години, и оние во пештерата Магура во западна Бугарија. Кој би го посочиле како највпечатлив македонски прото-стрип?**

Следниот проект, истражувачка студија на која работам, е токму поврзана со прото-стриповите во христијанската уметност во Македонија. Особено хагиографската иконографија, фрескописот и исконостасните резби кои, по својата наративна структура, секвенцијално континуирање и (с)ликовното проседе за раскажување, не се ништо друго освен прото-стриповски остварување. Секако, нели, со сакрална боголатриска венерација. Се сеќавам на разговорот со еден православен монах кој сериозно и шеговито, слушајќи ги моите воодушевувања, ми рече: да, црквата е еден



голем стрип. Од моето досегашно истражување на хагиографската иконографија во Македонија, највпечатливи ми се протостриповските хагиографии: Иконата „Житието на Св Ѓорѓи“ од XV век (во црква Св. Ѓорѓи, Струга) и Иконата

*Начелно, под поимот дигитален стрип вообичаено се подразбира стрип илустрација која е креирана со помош на компјутерот како алатка или стрип кој нема друг запис или форма, освен дигиталната. Меѓутоа, мора да се прави разлика помеѓу дигитален стрип и дигитализиран стрип. Имено, дигитализираниот за разлика од дигиталниот стрип е илустрација која е нацртана на традиционален начин, а потоа скенирана и пренесена во електронска форма. Дигиталниот и дигитализираниот стрип имаат различни функции, различно настанале и нудат различни можности за читање.*

*Бошко Караџов, „Стрипот во дигиталната ера: редефинирање и преосмислување“*



„Св. Ѓорѓи со неговото житие“ насликана во 1630 година (во црква Св. Ѓорѓи, Полошко).

**7. Запознаени ли сте можеби дали постојат стрипови на домашни автори кои што се објавуваат исклучиво во дигитален формат?**

Зајакс Дарко Ристевски




Благодарение на стрипољупците кои споделуваат со мене стрип содржини од нашата култура, проследив неколкумина автори кои дигитално креираат и објавуваат стрип ленти или кратки стрипови.

Светот на Бромо Владо Јаневски




Повпечатливи ми се: стрип интерференциите во Кромаг на С. Несторовски и неговите интертекстуални поигрувања со референците од популарната култура, пентаптихот Зајакс на Дарко Ристевски, ангажираните constrain-стрип ленти Антиквизатори на Александар Стеванов, минимализмот на Владо Јаневски во Светот на Бромо, Flakeday и др., секако и Волшебното катче на Цане на Михајло Димитриевски и неговата радикална стрип иконокластика.

**8. Во овој поглед колку македонската стрип сцена е блиску или далеку од светските стрип случувања и тенденции?**

Како што напоменав, кај нас, има репрезентативни стрипови кои се креираат со дигитални алатки и кои се диструбуираат преку елементите на веб 2.0. Во овие случаи имаме сосема легитимна миметика на естетиката на печатениот стрип, секако преку она што го овозможуваат сензитивените графички таблети и компјутерските програми со векторијална графика. Овој пристап е неспорна естетска линија на новата стрип култура. Но, искрено, не знам за автори во Македонија кои дигитално креираат во концептот на бесконечното платно. Во оваа втора естетичка рамка за дигитална продукција, засега, чинам дека немаме автор кој се обидел (с)ликовно да раскажува на тој начин.

**9. Вашиот научен труд „Стрипот во дигиталната ера: редефинирање и преосмислување“ може бесплатно да се прочита на интернет, во дигитален формат. Сепак вие се решивте да го објавите и како печатено издание; Зошто и кога домашната стрип публика би можела да го очекува?**

Да, истражувачката статија е достапна на мојот блог Heresis Dea на платформата на WordPress,

каде ги публикувам сите мои филозофски сознанија, критички текстови и естетички согледби во поглед на севкупната стрип-култура. Но, статијата треба да биде објавена и во следниот пролетен број на стрип магазинот Креатор.

**10. За крај на ова интервју би ни откриле ли кој е вашиот омилен македонски стрип јунак и кои светски познати стрип ликови ве фасцинираат?**

Македонски стрип јунак, интересно... Не знам, се сеќавам дека како помлад и навикнат на дотогашната суперхеројска mainstream стрип продукција, прилично впечатливи ми беа, иако тогаш не можев да ги отчитам во сето идеолошко понирање кое го носеа во себе си, оние алтернативни стрипо-тропни Мики Маус анти-ликови од стрип залетите на Александар Станковски во Лабрис и Лифт. А од класичниот македонски стрип, илустрациите на Игор Јовчевски ги сметам најдобри стрип остварувања во Македонија, и го доживувам како нашиот Frank Cho, па ликовите кои ги креираа со Драмиќанин, ми беа, исто така, впечатливи решенија.

Од светската сцена, не знам. Како стареев така се менуваа омилените стрип автори и стрип ликови. Како дете растев со Бонели и бев до мојата 14/5 година под влијание на Текс Вилер и вестрен стрипот, тинејџерските години ги минев со хорор стрипот и бев фасциниран од Тицијално Склави и серијалот Дилан Дог, во првите години од студиите почнав да се интересирам за „подземниот стрип“ и го откривав Крамп, па потоа, во еден период, често се навраќав на популарниот стрип во САД каде Сребрениот летач, Iron Man и сл. ми беа омилени визуелни

> *Стрипот не е објективен.*
> *Стрипот не е камен, кожа, хартија, мрежа или пиксели.*
> *Стрипот не е ниту медиум.*
> *Стрипот не постои независно и надвор од читателското искуство и естетската стрип-доживеалица.*
> *Стрипот е самото читателското искуство.*
> *Стрипот е естетска доживеалица.*
> *Стрипот е квалија (qualia) – интристичен феномен на естетската свесност.*
> *Па затоа, како што убавината постои само во окото на набљудувачот, така и стрипот постои само во „окото“ на читачот.*
>
> *Бошко Караџов, „Стрипот во дигиталната ера: редефинирање и преосмислување“*

четива. За да дојдам период од животот кога ги обожавав стриповите на Алан Мур и Нил Гејман. Сега сум под импресии на Грент Морисон (The Invisibles), Ворен Елис (Transmetropolitan). А дополнително го откривам јужно-американскиот стрип, па ги читам со задоволство: Ходоровски, Санз. Последно нешто што ми се допадна беше Uchronie(s) на Ерик Корберијан. Од друга страна пак, бидејќи она што го предавам на школата за стрип на ИДЕА е поврзано со политички ангажираниот стрип, неодминливи автори ми станаа и: Spiegelman, Satrapi, Delisle, Guibert, Garside, Sacco, Subhash Vyam и др.

# КЛАСИЧНОТО НАСПРОТИ ДИГИТАЛНОТО ЦРТАЊЕ

**СМИЛЕ ЦВЕТАНОВСКИ**

